Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 0202-806/3**
**16.06.2020 година**

Врз основа на член член 62 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 18 октомври 2019 година) и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 4:1 од 5 ноември 2018), Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 16.06.2020 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА

за избор во наставно-научно звање

1. **Доц. д-р Ксенија Илиевска** се избра во наставно-научното звање **Вонреден професор** во наставно - научните области 40719– Хирургија, 40720– Офталмологија и 40721– Ортопедија согласно оцената во референтот за избор објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“во Скопје бр. 1215 од 15.05.2020 година, стр. 247-263.
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија" и „Koha“ од 7.02.2020 година за избор на еден Наставник во сите наставно-научни звања во наставно - научните области 40719– Хирургија, 40720–Офталмологија и 40721– Ортопедија се пријави само кандидатот д-р Ксенија Илиевска, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина, која во целост ги исполнува условите утврдени во конкурсот, Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот врз основа на горе изнесеното одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Доставено до:

1. Именуваната
2. Сметководство
3. Архива

Декан,
Проф. д-р Лазо Пендовски

МКС EN ISO/IEC 17025

Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1215

Скопје, 15 мај 2020 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

**Уредник на Билтенот:**
*Илија Богоевски*

**Лектор:**
*Весна Илиевска-Цветановска*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ***

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1215 ОД 15 МАЈ 2020 ГОДИНА

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство – 20103 и конзервација и ревитализација на културно-историски споменици – 20113 на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Ана Ивановска Дескова**)........8-22

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) теорија на конструкции, земјотресно инженерство, компјутерска интеракција при проектирање и градење на објекти, на Градежниот факултет во Скопје (**д-р Симона Богоевска**)........23-37
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област челични конструкции – 20707, друго – 20720 на Градежниот факултет во Скопје (**доц. д-р Денис Поповски**)........38-50
3. Рецензија на ракописот **Инженерско моделирање** од авторот **вонр. проф. д-р Сергеј Чурилов**........51-55

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ана Секуловска, Љупка Димова, Тијана Миљковиќ, Марко Ташков, Ангела Димитрова**)........56
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Илире Даути**)........57

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Филип Ставровски, Ивана Чалоска, Анѓела Чекичевска, Ема Стефановска**)........58

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: хирургија и торакална хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Ристо Чоланчески**)........59-67
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област анатомија на Медицинскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Елизабета Чадиковска**)........68-79
3. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научната област анатомија на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Билјана Бојаџиева Стојаноска**)..80-90
4. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: физиологија, цитологија и спортска и училишна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Иванка Караѓозова**)........91-105
5. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област дерматовенерологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Катерина Дамевска**)........106-117
6. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област ортопедски болести на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Марта Фотева**)........118-135
7. Реферат за избор на еден асистент по предметот **Фармакологија со токсикологија** на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Никола Коловчевски**)........136-139

8. Реферат за избор на асистенти по предметот гинекологија и акушерство на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Горан Кочоски, ас. д-р Арта Бина, ас. д-р Боривоје Павловски, ас. д-р Роса Спасова, ас. д-р Јосиф Ѓорески, ас. д-р Ива Малахова Ѓореска, ас. д-р Катерина Николоска, д-р Аделина Далипи, ас. д-р Искра Дукова, ас. д-р Елена Ѓоргиевска Николовска, ас. м-р д-р Миле Тантуровски, д-р Беким Елези, ас. д-р Габриела Бушиноска Иванова, ас. д-р Даниела Иванова Панова, прим. д-р Саша Јовчевски**)........................................................................140-172
9. Реферат за избор на два асистента по предметот **Дерматовенерологија** на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Силвија Дума, асистент докторанд д-р Христина Брешковска, д-р Ирина Арсовска Бежовска, ас. д-р Зорица Зафировиќ, д-р Јулија Талента, д-р Дејан Филиповиќ, асистент докторанд д-р Ивана Дохчева Карајованов, д-р Маја Димова**)....................................................................................173-187
10. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Верификација на имунолошката компонента во етиопатогенезата на прееклампсијата** од кандидатката **ас. д-р Маја Пејковска Илиева**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.................188-199
11. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Наследна тромбофилија кај неповолен исход на бременоста, инфертилитет и неуспешна ин витро фертилизација** од **д-р Елена Петковиќ**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.........................................................................................................................200-204

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: 1) педагогија за предметите: **Општа педагогија**, задолжителен предмет за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик; **Методологија на педагошките истражувања**, задолжителен предмет за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик; **Семејна педагогија**, задолжителен предмет за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик; **Училишна педагогија**, задолжителен предмет за групата одделенска настава на албански наставен јазик; **Предучилишна педагогија**, задолжителен предмет за групата предучилишно воспитание на албански наставен јазик; **Педагошка комуникација**, изборен предмет за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик; **Комуникологија**, изборен предмет за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик; **Акциони истражувања во воспитно-образовната работа**, изборен предмет за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик; 2) дидактика за предметот: **Интегриран курикулум**, изборен предмет за групата одделенска настава на албански наставен јазик; 3) менаџмент во образование за предметот: **Менаџмент во образованието**, изборен предмет за групите одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје (**д-р Флорина Шеху**)...........................................................................................................................205-233

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Одредени недостатоци на управносудската заштита во Република Северна Македонија од аспект на правото на правично судење загарантирано со членот 6 од Европската конвенција за човекови права и основни слободи** од **м-р Костадин Богданов**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје..................................................234-242

2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Томислав Томиќ, Филип Велковски, Слободанка Крајчева, Марија Спироска, Ивана Кузманоска, Ковица Димитроски, Александра Готиќ, Наташа Ристеска, Игор Липковски, Наташа Митреска, Арета Мерцановска, Татјана Кирова, Тамара Митева, Александар Петковиќ, Рената Нацковска, Васил Филиповски, Ангела Анѓеловска, Стефан Милошески, Елена Орцева, Драгана Чуприна**)....................................243-244

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Коста Најков, Виктор Дамјановски**)........................................................................................245

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**д-р Газменд Селмани**)...................................................................................................................246

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област хирургија, ортопедија и офталмологија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**доц. д-р Ксенија Илиевска**).................................................247-263
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област андрологија и вештачко осеменување, гинекологија и акушерство со стерилитет и ендокринологија и биотехнологија во репродукцијата на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**доц. д-р Бранко Атанасов**)............................264-277

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Кристина Леловац**)........................................................................................278-286
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) актерска игра со познавање на албански јазик на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Хисмет Рамадани**)........................................287-294

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) математика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**д-р Сања Атанасова**)........................................................295-310
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Моделирање и анализа на перформанси во SDN – базирани мобилни јадрени мрежи** од **м-р Страхил Панев**, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје..............................................................................................................311-318

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од нставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика и од наставно-научното поле математика, област: 10900 математика, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Билјана Тојтовска Рибарски**)..........................................................................319-338

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област применета кинезиологија на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје (**доц. д-р Влатко Неделковски**)...........................................................339-349
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Промени на морфолошките карактеристики и моторичките способности кај учениците, по едногодишна**

**настава по физичко образование** од **м-р Валон Никќи**, пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје...........................................350-357
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Социо-демографските карактеристики и физичката активност кај студентската младина** од **м-р Арменд Кастрати,** пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.......................................................................................................358-362

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области биофармација (30604) и фармацевтска технологија со индустриска фармација и микро/нанотехнологија (30616/4) на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Никола Гешковски**)..........................................................................................363-378

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Улогата на водството во формирањето на ефикасна образовна средина во мултикултурните заедници**, поднесена од **м-р Весна Дамчевска Илиевска**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.........................................................................................................379-386

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на виш лектор во наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**м-р Сања Гавриловска**)...387-395
2. Реферат за доделување на титулата почесен доктор (doctor honoris causa) на **проф. д-р Петер Рау** од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје...396-412

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Ана Попова**)............413

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Ана Дукиќ**)...........................................................................................................................414

**ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО**

1. Реферат за избор на виш научен соработник во наставно-научната област (дисциплина) прехранбено инженерство на Институтот за сточарство во Скопје (**науч. сор. д-р Даниела Беличовска**)..........................................................................415-427

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Викторија Волак**)........................................................................................................................428

***Прилог бр. 2***

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА, ОРТОПЕДИЈА И ОФТАЛМОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Koha” од 7.2.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област хирургија, ортопедија и офталмологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 0202-372/12, донесена на 31.3.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Пламен Тројачанец, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, проф. д-р Бојан Тохољ, вонреден професор на Департмантот за ветеринарна медицина при Земјоделскиот факултет во Нови Сад, Србија и проф. д-р Тони Довенски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Членот на Рецензентската комисија од Универзитетот во Нови Сад го познава македонскиот јазик.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области хирургија, ортопедија и офталмологија, во предвидениот рок се пријави
д-р Ксенија Илиевска, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

**Биографски податоци и образование**

Кандидатката д-р Ксенија Илиевска е родена на 29.5.1978, во Скопје. Средно образование завршила во Државното средно ветеринарно училиште „Браќа Миладиновци” во Скопје во 1996 година. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Дипломирала во 2004 година, со просечен успех 8,19.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2006/2007 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за ветеринарна медицина, на отсекот хирургија. Студиите ги завршила во 2010 година, со просечен успех 9,85. На 29.9.2010 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Протеини на акутна фаза – индикатори на патолошки процеси на акроподиумот кај млечни крави*.

Докторска дисертација пријавила на 13.12.2011 година на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Дисертацијата на тема: *Застапеност, можности за рана дијагностика и терапија на заболувањата на чапункитe кај млечните крави* ја одбранила на 17.6.2015 година, пред Комисија во состав: д-р Пламен Тројачанец, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Дине Митров, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Влатко Илиески, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Горан Николовски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и д-р Иван Борисов, редовен професор на Ветеринарниот факултет, Тракиски универзитет, Стара Загора, Бугарија. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област ветеринарна медицина.

На 5.5.2006 година е избрана во звањето помлад асистент во областа хирургија, ортопедија и офталмологија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Билтен бр. 895 од 14.4.2006 година). Во истото звање е повторно избрана на 22.12.2018 (Билтен бр. 951 од 3.11.2008 година ).

На 24.02.2011 година е избрана во звањето асистент во научните области хирургија, ортопедија и офталмологија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Билтен бр. 1001

од 1.2.2011 година). Во истото звање е повторно избрана на 24.1.2014 (Билтен бр. бр. 1066 од 2.12.2013 година).

На 3.9. 2015 година е избрана во звањето научен соработник на Факултетот за ветеринарна медицина во обласа хирургија, ортопедија и офталмологија (Билтен бр. 1105 од 15.8.2015 година).

Во моментот е доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1128 од 15.8.2016 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 895 од 14.4.2006 година, бр. 951 од 3.11.2008 година, бр. 1001 од 1.2.2011 година, бр. 1066 од 2.12.2013 година, бр. 1105 од 15.8.2015 година и бр.1128 од 15.8.2016 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина, кандидатката д-р Ксенија Илиевска изведува теоретска и практична настава на интегрираните студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина по предметите: Општа хирургија со основи на анестезиологија, Специјална хирургија и Офталмологија како задолжителни предмети, Техники на реконструкција на кожа, Одбрани хируршки техники во офталмологијата, Одбрани техники за хируршка редукција на фрактури и Техники на анестезија и аналгезија на одделни видови домашни миленици како изборни предмети, како и во теренската и клиничката настава по предметите: Менаџмент на здравје на стадо, Клиничка пракса на домашни миленици и Клиничка пракса на фармски животни. Кандидатката покажува големо залагање и посветеност во организирањето на наставата по овие предмети, овозможувајќи им на студентите да се стекнат со квалитетни практични знаења и вештини, кои понатаму ќе ги искористат во своето професионално работење.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 3 дипломски труда и оцена на 1 докторска дисертација.

Кандидатката е автор на рецензиран учебник под наслов: *Основе ветеринарске анестезиологије*, издаден од страна на Земјоделскиот факултет при Универзитетот во Нови Сад, Србија (ISBN 978-86-7520-425-1).

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Ксенија Илиевска има објавено вкупно 82 научни труда од својата област, од кои 23 се објавени во последниот изборен период, и тоа: 5 научни труда во меѓународни научни списанија, 1 труд објавен во меѓународна научна публикација, 1 труд објавен во научно-стручно списание и 16 научни труда објавени во зборници од меѓународни научни собири.

Д-р Ксенија Илиевска е раководител на 1 меѓународен научен проект, како и учесник на 3 меѓународни и 3 национални научни проекти.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Ксенија Илиевска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Факултетот за ветеринарна медицина, како дел од стручниот тим од областа на хируругијата, ортопедијата и офталмологијата кај домашни миленици во работата на Универзитетската ветеринарна болница, а од 18.12.2017 година (Одлука бр. 03-2286/2 од 18.12.2017) е назначена за раководител на Универзитетската ветеринарна болница при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Повторно е избрана за раководител на Универзитетската ветеринарна болница на 11.12.2019 година (Одлука бр. 03-2159 од 11.12.2019).

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој на Ветеринарниот факултет во Загреб, Р Хрватска, во периодот од 2016 до 2018 година, каде што ги завршила постдипломските специјалистички студии по хирургија, ортопедија и офталмологија со ветеринарна стоматологија.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на повеќе стручни комисии и работни групи при Факултетот за ветеринарна медицина. Кандидатката била член на организацискиот одбор на јубилејот „90

години ветеринарна наука и едукација“ во 2017 година, во организација на Факултетот за ветеринарна медицина. Кандидатката била член и на организацискиот одбор на меѓународниот научен собир „Денови на ветеринарна медицина 2018/5. Меѓународен конгрес на ВетИстанбул групата” во 2018 година, во организација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Била член на 2 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката Ксенија Илиевска доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за летниот семестар од учебната 2016/2017 (Одлука на ННС со бр. 0202-1709/4 од 27.9.2017 година), за зимскиот семестар во учебната 2017/2018 година (Одлука на ННС со бр. 0202-389/2 од 10.3.2017 година), за летниот семестар во учебната 2017/2018 година (Одлука на ННС со бр. 0202-804/2 од 28.5.2018 година), за зимскиот семестар 2018/2019 (Одлука на ННС со бр. 0202-491/2 од 29.3.2019 година), за летниот семестар 2018/2019 (Одлука на ННС со бр. 0202-1185/3 од 5.7.2019 година) и за зимскиот семестар 2019/2020 (Одлука на ННС со бр. 0202-153/10 од 13.2.2020 година).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Ксенија Илиевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Ксенија Илиевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области хирургија, ортопедија и офталмологија.

Според горeизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Ксенија Илиевска да биде избрана во звањето **вонреден професор** во научните области хирургија, ортопедија и офталмологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Пламен Тројачанец, с.р.**
***редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје***

**Проф. д-р Бојан Тохољ, с.р.**
***вонреден професор на Департманот за ветеринарна медицина при Земјоделскиот факултет во Нови Сад, Србија***

**Проф. д-р Тони Довенски, с.р.**
***редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје***

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Ксенија Ордан Илиевска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: хирургија, ортопедија и офталмологија**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,19<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,85<br>Просечниот успех изнесува 9,02 за интегрираните студии. | **ДА** |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: 40719 хирургија, 40720 ортопедија, 40721 офталмологија, поле: ветеринарна медицина, подрачје: биотехнички науки. | **ДА** |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **ДА** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: Macedonian Veterinary Review<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>7. Наслов на трудот: Effects of Doxycycline Treatment on Hematological and Blood Biochemical Parameters in Dogs Naturally Infected with Ehrlichia Canis<br>8. Година на објава: 2018 | **ДА** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или | **ДА** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: Macedonian Veterinary Review<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: Acute Phase Proteins – as indicators of claw diseases in dairy cattle<br>4. Година на објава: 2018 | |
